АФПЗРР




## Одржана прес-конференција во врска со исплатите на субвенции

На ден 01.09.2017 година во просториите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и рураниот развој в.д. директорот на Агенцијата м-р Никола Бабовски одржа прес – конференција во врска со исплатите на субвенции вклучувајќи ги и исплатите за винарниците.

В.д. директорот соопшти дека во текот на вчерашниот ден Агенцијата исплатила околу 110 милиони денари како поддршка на земјоделците и преработувачките капацитети.Од нив 39,8 милиони денари им се исплатени на винарските визби за откупеното грозје.

Исто така в.д. директорот истакна дека средствата се исплатени на вкупно 13 винарници, а две се избришани од регистарот и тие од законски причини нема да добијат субвенции за реколтата 2015/2016 година.

Освен за винарниците дел од исплатените 110 милиони денари се наменети за рурална инфраструктура, поддршка на саемите, органско производство, дадена и е поддршка и на фондот за иновации.

В.д. директорот Бабовски најави дека ќе се обидат до крајот на годината да се исплати се што е заостанато од 2015 и 2016 година доколку се исполнети условите за аплицирање.

На 15 септември истекува и аплицирањето за финансиска поддршка за 2017 година поради што апелираме земјоделците што е можно поскоро да ги поднесат потребните барања. В.д. директорот информира дека моментално до агенцијата се пристигнати повеќе од 53 илјади апликации и очекува бројката да достигне до 72 илјади апликации.